Fwd: Барање ИЈК
[redacted]
to:
biroescp
26-06-21 09:41 PM
Hide Details
From: [redacted]
To: biroescp@mjustice.gov.mk,

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА - MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PËR PËRFAQËSIM TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT PARA GJYKATËS EVROPIANE PËR TË DREJTAT E NJERIUT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar: | 28-06-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица Njësia org | Број Numer | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 0302-140/1 | | | |

Арх.знак Shenja ark.
Рок на чување Afati ruajtes 1 год
20 год.-viti
Потпис/Nënshkrim. С.Д.

( Образец ПП......)

[redacted]
**1000, Скопје**
**e-mail:** [redacted]

**ДО**
**Бирото за застапување на Република Северна Македонија**
**пред Европскиот суд за човекови права**
**улица "Димитрие Чуповски" број 9**
**1000 Скопје**
**e-mail:** biroescp@mjustice.gov.mk

---

(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ
### за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на членовите 4, 12 и 15 од "Законот за заштита на правото за слободен пристап до нформации од јавен карактер" ("Службен весник бр. 101/2019 година"), од имателот ги бараме следните информации од јавен карактер, и тоа:

**1. Записник од одржаната седница на Меѓуресорската комисија на ден 20.05.2021 година;**
Бараме оваа ИЈК да ни ја доставите во форма на препис.

**2. Бараме да ни го доставите правниот акт со кој сегашниот в.д. директор на Бирото за застапување на РСМ пред Европскиот суд за човекови права е распореден на сегашната должност;**
Бараме оваа ИЈК да ни ја доставите во форма на препис.

**3. Бараме да ни доставите податоци за движење во кариерата на сегашниот в.д. директор на Бирото за застапување на РСМ пред Европскиот суд за човекови права, пред стапување на сегашната должност, и**
Бараме овие ИЈК да ни бидат доставени во писмена форма како составен дел на решението што сте должни да го донесете.

**4. Записници од сите одржани седници на Меѓуресорската комисија за периодот од стапување на должноста на сегашниот в.д. директор на Бирото за застапување на РСМ пред Европскиот суд за човекови права, заклучно со денот на овој поднесок, без претходно доставениот записник од седницата одржана на ден 08.07.2020 година.**
Бараме овие ИЈК да ни ги доставите во форма на препис.

Форма во која се бара информацијата:

**Како што е наведено во секоја точка одделно.**

---

Начин на доставување на информацијата:

**- A) ПО ПОШТА - ДА**

Барател на информацијата:
[redacted]

---

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **НЕМА**

---

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

**(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)**

[redacted]
**член на** [redacted]
[redacted]

**23.06.2021 година**
**Скопје**

**PS: Бараме потврдете прием на овој поднесок**
**со ваш архивски број и датум**

--
Ропството не е завршено, само обликот е друг!
Displaying image.png

Република Северна Македонија · Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PËR PËRFAQËSIMIN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
PARA GJYKATËS EVROPIANE PËR TË DREJTAT E NJERIUT
Бр.-Nr. 0302-140/2
09.07. 2021 год.-viti
СКОПЈЕ / SHKUP

Министерството за правда – Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права одлучувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под бр. 0302-140/1 од 28.06.2021 година во Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, поднесено од [redacted], а врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр.101/19) донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр. 0302-140/1 од 28.06.2021 година, поднесено од [redacted] **се уважува.**

## Образложение

[redacted] се обрати со барање за пристап до информации од јавен карактер. Барањето е доставено по електронска комуникација до Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права на 26.06.2021 година. Барањето во Бирото е заведено под бр. 0302-140/1 од 28.06.2021.

[redacted] се обрати со барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер кои се во врска со работата на в.д. Директорот на Биро за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права.

Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП го разгледа горенаведеното барање и констатираше дека Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП е имател на следните побарани информации:

1. **Записник од одржаната седница на Меѓуресорската комисија на ден 20.05.2021 година;**

Во прилог на ова решение во форма на препис се доставува Записникот од одржаната седница на Меѓуресорската комисија на ден 20.05.2021 година (прилог1).

2. **Правниот акт со кој сегашниот в.д. директор на Бирото за застапување на РСМ пред Европскиот суд за човекови права е распореден на сегашната должност;**

Во прилог на ова решение во форма на препис се доставува Решението (Службен весник на РСМ бр.98/17) со кој сегашниот в.д. директор на Бирото за застапување на РСМ пред Европскиот суд за човекови права – ѓ-а Даница Џонова е распоредена на сегашната должност (прилог бр. 2)

3. **Податоци за движење во кариерата на сегашниот в.д. директор на Бирото за застапување на РСМ пред Европскиот суд за човекови права, пред стапување на сегашната должност:**

Даница Џонова е именувана за В.Д. Директор на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европкиот суд за човекови права – Владин агент во јули 2017.  На оваа позиција е именувана од местото раководител на Одделение во Бирото за застапување пред ЕСЧП.

Таа е првиот волонтер во Канцаларијата на Нарониот правобранител. Својот професионален развој го започнува во Министерството за правда во 2001 година. Пред  да започне со работа на местото раководител на одделение во Одделението за подршка на Владиниот агент, до април 2005 година работи во Одделението за човекови права и компративни анализи во Секторот за меѓународни односи и европска интеграција при Министерството за правда. Од 2005 година во континуитет е дел од орагнизационата структура на државата која работи на застапување на државата пред ЕСЧП и координација на извршувањето на пресудите на ЕСЧП.

Дипломирала на правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 1997 година. Правосудниот испит го положила во 2002 година, а магистар е по Јавна политика и менаџмент на  Школата за јавни и меѓународни работи при Универзитетот Питсбург во САД.

4. **Записници од сите одржани седници на Меѓуресорската комисија за периодот од стапување на должноста на сегашниот в.д. директор на Бирото за застапување на РСМ пред Европскиот суд за човекови права, заклучно со денот на овој поднесок, без претходно доставениот записник од седницата одржана на ден 08.07.2020 година.**

Во периодот од стапување на должноста на сегашниот в.д. директор на Бирото за застапување на РСМ пред Европскиот суд за човекови права, заклучно со денот на овој поднесок се одржани вкупно 8 седници на Меѓуресорската комисија, записниците од истите во форма на препис се доставуваат во прилог на ова решение, без претходно доставениот Записник од седницата одржана на ден 08.07.2020 година, како и Записникот од одржаната седница на Меѓуресорската комисија на ден 20.05.2021 година кој во секој случај е доставен како прилог број 1 кон ова Решение. (прилог бр. 3, 4, 5, 6, 7 и 8).

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

в.д Директор на Бирото за застапување
на РСМ пред ЕСЧП-Владин Агент,
м-р Даница Џонова